# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

**Службен гласник на Општина Кисела Вода**
**Излегува по потреба**
**Рок на рекламации 15 дена**
**www.kiselavoda.gov.mk**

**02 Јули 2025**
**Скопје**
**Број 10, година XX**
**contact@kiselavoda.gov.mk**

**Скопје, Јули, 2025 година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за избор на најповолна понуда во постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување на систем за јавно осветлување на територија на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлука за избор на најповолна понуда во постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување на систем за јавно осветлување на територија на Општина Кисела Вода, донесена на Педесет и шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 1 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-6504/1
02.07.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точки 10 и 15 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ” 05/2002), член 21а став 1 и став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12,144/14, 33/15, 104/15 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/19, 261/19, 89/22, 65/23,147/24,241/24) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на својата Педесет и шестата пленарна седница одржана на 1 јули 2025 година, донесе

## ОДЛУКА

### за избор на најповолна понуда во постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за проектирање, финансирање, изградба и стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Кисела Вода

### Член 1

По објавениот оглас на ЕСЈН бр. 01468/2025, за најповолна понуда во постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнество, за проектирање, финансирање, изградба и стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Кисела Вода, согласно извештајот бр.15-6310/2 од 26.06.2025 година за спроведена постапка, се избира понуда на понудувачот:

**Друштво за производство,трговија и транспорт на стоки Ј.Е.С. ГЛОБАЛ ДООЕЛ експорт - импорт Скопје**

На електронската аукција одржана на 25.06.2025 година на Електронскиот систем за електронска аукција воспоставен на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, понудувачот како најниска цена за проектирање, изградба и стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Кисела Вода, ја достави конечната цена од 75,00% од вкупната комунална такса за јавно осветлување, приход на Општина Кисела Вода.

### Член 2

Одлуката да се достави до учесникот во постапката (понудувачот), Секторот за финансиски прашања и Секторот за јавните набавки и општи работи.

**Член 3**

Се овластува Градиначалникот на Општина Кисела Вода, да го склучи договорот за воспоставување на јавно приватно партнество со најповолниот понудувач, избран за оваа одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

.

Број 09-6205/2
1 јули 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Заклучок за давање согласност на измената и дополната на Статутот на Јавната општинска установа ДОМ НА КУЛТУРА „БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје, заведен под број 03-69/1 од 11.03.2022 година**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање согласност на измената и дополната на Статутот на Јавната општинска установа ДОМ НА КУЛТУРА „БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје, заведен под број 03-69/1 од 11.03.2022 година, донесен на Педесет и шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 1 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-6504/2
02.07.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/20) расправајќи по барањето за давање согласност на измената и дополната на Статутот на Јавната општинска установа ДОМ НА КУЛТУРА „БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје, заведен под број 03-69/1 од 11.03.2022 година, Советот на Општина Кисела Вода на својата Педесет и шестата пленарна седница одржана на 1 јули 2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за давање согласност на измената и дополната на Статутот на Јавната општинска установа ДОМ НА КУЛТУРА „БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје, заведен под број 03-69/1 од 11.03.2022 година**

1. Со овој Заклучок се дава согласност на измената и дополната на Статутот на Јавната општинска установа ДОМ НА КУЛТУРА „БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје, заведен под број 03-69/1 од 11.03.2022 година.

2. Заклучокот да се достави до Јавната општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје и Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура на Општина Кисела Вода.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-6205/3
1 јули 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Заклучок за давање согласност на Статутот на Јавната општинска установа ДОМ НА КУЛТУРА „БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје (пречистен текст)**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за давање согласност на Статутот на Јавната општинска установа ДОМ НА КУЛТУРА „БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје (пречистен текст), донесен на Педесет и шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 1 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-6504/3
02.07.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.1/20) расправајќи по барањето за давање согласност на Статутот на Јавната општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје (пречистен текст), Советот на Општина Кисела Вода на својата Педесет и шестата пленарна седница одржана на 1 јули 2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за давање согласност на Статутот на Јавната општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје (пречистен текст)**

1. Со овој Заклучок се дава согласност на Статутот на Јавната општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје (пречистен текст).

2. Заклучокот да се достави до Јавната општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје и Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура на Општина Кисела Вода.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-6205/4
1 јули 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

## С О Д Р Ж И Н А:

1. Одлука за избор на најповолна понуда во постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за проектирање, финансирање, изградба, стопанисување на систем за јавно осветлување на територија на Општина Кисела Вода;

2. Заклучок за давање согласност на измената и дополната на Статутот на Јавната општинска установа ДОМ НА КУЛТУРА „БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје, заведен под број 03-69/1 од 11.03.2022 година;

3. Заклучок за давање согласност на Статутот на Јавната општинска установа ДОМ НА КУЛТУРА „БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ“ Скопје (пречистен текст).